# ЗАКОН ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

**Пречистен текст – Неофицијална верзија**[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува: основањето, организацијата и делокругот на работа на Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар); односите меѓу овој регистар и другите основни регистри (во натамошниот текст: основни регистри) и нивните корисници; односите со други правни субјекти; како и прашањата сврзани со внесувањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на релевантни податоци од Централниот регистар до корисниците на тие податоци.

## II.ОСНОВАЊЕ

### Член 2

Централен регистар се основа, како централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, кои согласно со овој или друг закон или со договор се внесуваат во него.

Централниот регистар има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

Седиштето на Централниот регистар е во Скопје.

### Член 3

Во Централниот регистар се основаат основни регистри врз основа на други закони, во кои се конституираат права, како и регистри во кои не се конституираат права.

Во Централниот регистар се водат и основни регистри кои се предвидени со други закони надвор од Централниот регистар.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 4

Регистрите од член 3 став 1 во кој се конституираат права, се организираат како посебни одделенија, со кои раководат раководители на одделенијата како лица со посебни овластувања.

---

[1] Пречистениот текст ги опфаќа Законот за Централен регистар и измените и дополнувањата на Законот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.311/20 и 235/24).

Раководителите на одделенијата ги именува директорот на Централниот регистар и за својата работа одговараат пред него.

**Член 5**

Органи на Централниот регистар се Управен одбор и директор.

Управниот одбор брои пет члена.

Членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија со мандат од шест години.

Два члена на Управниот одбор се именуваат по предлог на Министерството за финансии, еден член по предлог на Министерството за правда, еден член по предлог на Министерството за економија и еден по предлог на Државниот завод за геодетски работи.

Управниот одбор работи и одлучува на седници, согласно со својот деловник.

**Член 6**

Управниот одбор на Централниот регистар го именува директорот на Централниот регистар за време од четири години, по пат на јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Директорот на Централниот регистар треба да ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именување со правосилна судска пресуда да не му е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има најмалку пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

Директорот на Централниот регистар е работоводен орган кој го застапува и претставува Централниот регистар и за својата работа одговара пред Управниот одбор.

**Член 6-а**

Мандатот на директорот на Централниот регистар престанува:

1) со истекот на мандатот;

2) по свое барање;

3) со исполнување на условите за пензија;

4) во случај на смрт и

5) во случај на разрешување.

**Член 6-б**

Директорот на Централниот регистар се разрешува кога:

1) ќе престане да ги исполнува условите од членот 6 од овој закон;

2) не е во можност да ги извршува задачите подолго од шест месеци заради болест или други оправдани причини и

3) функцијата и надлежностите кои му се доверени со закон ги врши нестручно, пристрасно и несовесно.

**Член 6-в**

Директорот на Централниот регистар може да овласти лице од редот на раководните административни службеници да го застапува во случај на негово отсуство или спреченост, освен за работи кои се во негова исклучива надлежност.

**Член 7**

Статутот на Централниот регистар го донесува Управниот одбор, а согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Со Статутот поблиску се уредува внатрешната организација на Централниот регистар, како и овластувањата, должностите и одговорностите на неговите органи.

**Член 7-а**

Вработените во Централниот регистар кои вршат административни работи имаат статус

на административни службеници.

За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

Вработените во Централниот регистар кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

На помошно-техничкиот персонал во Централниот регистар ќе се применуваат општите

прописи за работни односи.

**Член 7-б**

Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Централниот регистар се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја пропишува директорот.

## IV. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

**Внесување на податоци**

**Член 8**

Податоците кои се утврдени со овој закон и друг закон се внесуваат во Централниот регистар каде што електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и прават достапни до заинтересираните корисници.

Обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци, Централниот регистар ги врши според свои постапки и обрасци.

При внесувањето и постапувањето со податоците, Централниот регистар се придржува на начелото на стручност, независност, објективност, економичност и ефикасност.

**Член 9**

Во Централниот регистар се внесуваат податоците од основните регистри со и без својство на правно лице, како и податоци од други правни и физички лица.

Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственоиот и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице и годишни сметки и финансиски извештаи задолжително се внесуваат во Централниот регистар.

Внесувањето на другите видови податоци, како што се: кредитни информации, брачни договори, разни видови осигурувања и слично, се врши врз основа на договор, освен ако за одреден вид податоци не е нешто друго предвидено со закон.

**Член 10**

Внесувањето на податоците во Централниот регистар, основните регистри и другите субјекти и Централниот регистар, ги вршат врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик (форма), заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до заинтересираните корисници.

**Член 11**

Податоците во Централниот регистар се внесуваат според содржина утврдена во посебен образец, во кој се изразени специфичностите на одделните основни регистри или на други правни субјекти.

Содржината на образецот заеднички ја утврдуваат Централниот регистар и соодветниот основен регистар.

**Чување на податоците**

**Член 12**

Обработените, обединетите и класифицираните податоци што се внесуваат во Централниот регистар се складираат и чуваат во седиштата на регистрите.

**Член 13**

Податоците внесени во Централниот регистар можат да ги менуваат, дополнуваат, ажурираат и бришат само основните регистри и другите правни и физички лица кои ги внеле истите во него.

**Користење на податоците**

**Член 14**

Податоците од Централниот регистар можат да ги користат органите на државната управа, сите физички и правни лица, домашни и странски, освен ако за некои од нив поинаку не е определено со закон или со договор.

**Член 15 – Избришан со Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/03)**

**Член 16**

Заинтересираните корисници можат да добијат информации и заверен препис од податоците внесени во регистрите.

Информациите наведени во ставот 1 од овој член можат да се добијат лично и по електронски пат, со исклучок на заверениот препис кој се добива исклучиво лично.

**Член 17**

Централниот регистар податоците внесени во него може да ги направи достапни за корисниците во вид на информација како необработени, обработени или во друга форма предвидена со овој или друг закон.

**Член 18**

За прием и дистрибуција на податоците, Централниот регистар може да развие своја инфраструктура или во договор со другите субјекти заедничка инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија.

**Надоместоци на Централниот регистар**

**Член 18-а**

За извршените услуги од делокругот на својата работа, кој е утврден со овој или друг закон, а кои се однесуваат на упис, внесување, обработување, обединување, класифицирање, селектирање, складирање, чување и користење на податоците во Централниот регистар, како и дистрибуирање на податоците до заинтересираните корисници, Централниот регистар наплаќа соодветен надоместок кој се утврдува со Тарифа на Централниот регистар, која ја донесува Управниот одбор на Централниот регистар, а на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Надоместокот од ставот 1 на овој член не се наплаќа од корисницииите и единките корисниции на средства од Буџетот на Република Северна Македонија од областа на законодавната,извршната и судската власт и од единициите на локална самоуправа.

Надоместок за користење на податоци од Регистарот на годишни сметки, Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица не се наплаќа и од новинар кој ќе достави писмено барање за користење на податоци за истражувачки цели заверено со потпис и печат од главниот уредник на медиумот во кој е вработен новинарот.

Доколку соодветниот надоместок не е платен, ќе биде определен рок, но не подолг од три дена, во кој подносителот е должен да го плати надоместокот.

Ако надоместокот се плати во предвидениот рок, ќе се смета дека поднесокот е примен првиот пат.

Доколку надоместокот не биде платен во предвидениот рок, поднесокот со заклучок ќе се отфрли и ќе се смета дека не бил ни поднесен.

**Вршење контрола**

**Член 18-б**

Централниот регистар врши контрола над субјектите кои се овластени согласно закон во однос на постапувањето при поднесување на пријави за упис и извршувањето на услугите за упис преку системот за е-регистрација на Централниот регистар согласно закон.

## V. ОДНОСИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР СО ДРУГИТЕ РЕГИСТРИ И НИВНИТЕ КОРИСНИЦИ

### Член 19

Централниот регистар во остварувањето на својата дејност, соработува со другите државни органи, правни и физички лица и разменува информации со други регистри од странство, освен ако за одреден вид размена на информации со закон поинаку не е определено.

### Член 20

Централниот регистар и основните регистри и другите правни и физички лица се должни меѓусебно да соработуваат и да си доставуваат податоци со кои располагаат, како и да даваат објаснувања и помош во врска со вршењето на работите од својата надлежност.

Органите кои ги водат основните регистри и другите правни субјекти, се должни да овозможат непречено користење на податоците од страна на Централниот регистар заради остварување на неговите функции определени со овој закон.

### Член 20-а

Централниот регистар исправите кои содржат правен основ врз основа на кои се врши запишување во катастарот на недвижности, заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок, ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности по електронски пат.

### Член 21

Централниот регистар обезбедува техничка можност за меѓусебна поврзаност на основните регистри и другите правни субјекти кои врз основа на овој или друг закон или договор, внесуваат правни и друг вид релевантни податоци.

### Член 22

Усни и писмени информации за конституираните права и други својства запишани во основните регистри, односно во Централниот регистар, можат да даваат и основните регистри и Централниот регистар.

Писмената информација издадена од Централниот регистар има само информативно дејство.

### Член 23

За точноста на внесените податоци во Централниот регистар, одговара оној кој ги внесува податоците според општите правила на граѓанското право.

**Член 24**

Во случај на несовпаѓање на податоците содржани во Централниот регистар со податоците внесени од основните регистри, правно валидни се податоците од основните регистри.

**Член 25**

Односите меѓу Централниот регистар и други субјекти кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци (како, на пример осигурување на имот и лица, брачни договори и други правни дела и слично), во Централниот регистар се уредуваат со договор.

За прашањата кои не се уредени со договорот, соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ И НАДЗОР

**Член 26**

Финансирањето на работењето на Централниот регистар се врши од сопствени приходи.

Приходите остварени од работењето на Централниот регистар се користат за покривање на трошоците за тековното работење, развој и платите на вработените.

Вишокот на приходи се уплатува во Буџетот на Република Северна Македонија.

Висината на приходите и расходите се утврдуваат со финансиски план на кој согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

**Член 27**

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за финансии.

**Член 28**

За вршење на работите утврдени со овој закон, Централниот регистар одговара пред Владата на Република Северна Македонија и еднаш годишно поднесува годишна сметка и извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 28-а**

За прекршоците утврдени во членот 29 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**Член 28-б**

Централниот регистар е надлежен за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочна санкција за прекршоците во износ до 1.000 евра во денарска противвредност за кои Централниот регистар со закон е утврден како прекршочен орган.

За прекршоците над 1.000 евра во денарска противвредност прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Пред поведување на прекршочната постапка за прекршоците од овој закон, овластеното службено лице во Централниот регистар на сторителот на прекршокот му дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

Прекршочната постапка ја води Комисија за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: Прекршочна комисија), именувана од страна на директорот на Централниот регистар.

Прекршочната комисија е составена од три члена со најмалку три години работно искуство, од редот на раководни и стручни административни службеници вработени во Централниот регистар, од кои еден е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој е и претседател на Прекршочната комисија.

Членовите на Прекршочната комисија се именуваат со мандат од четири години, со право на повторно именување.

Членовите на Прекршочната комисија имаат свои заменици, именувани од директорот на Централниот регистар, кои ги исполнуваат условите од ставот 3 на овој член.

Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

Административно-техничките работи на Прекршочната комисија ги врши секретар, определен од редот на вработените во Централниот регистар.

**Член 29**

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Централниот регистар, ако:

- обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци не ги врши според утврдените постапки и обрасци (член 8),

- одбие или на кој било начин не даде информации за податоците внесени во Централниот регистар или одбие да издаде заверен препис (член 16 став 1) и

- одбие да даде информација за одредени податоци иако не се обработени (член 17).

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во Централниот регистар.

### Член 29-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

### Член 30

**Избришан со Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14).**

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

Владата на Република Македонија ги именува членовите на Управниот одбор на Централниот регистар во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Управниот одбор на Централниот регистар го именува директорот во рок од 15 дена од именувањето на членовите на Управниот одбор.

### Член 32

Основните регистри се должни, по службена должност, податоците за конституираните имотни права, стекнатиот правен субјективитет на правните лица и другите стекнати својства што се евидентирани до влегувањето во сила на овој закон, да ги внесат во Централниот регистар во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето со работа на Централниот регистар, освен за податоците за правото на сопственост за кои рокот е 12 месеци сметано од денот на започнување со работа на Централниот регистар.

### Член 33

Централниот регистар започнува со работа наредниот ден од денот на добивањето согласност на статутот од Владата на Република Македонија.

### Член 34

Со пренесување на делокругот на работа од Заводот за платен промет на Централниот регистар, се пренесува имотот, опремата и вработените што се во функција на вршење на работата врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

### Член 35

Со влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за водење на регистри во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98).

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на добивањето на согласност на Статутот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14)**

**Член 4**

Директорот на Централниот регистар именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 5**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите од членот 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14)**

**Член 4**

Директорот на Централниот регистар ги именува членовите и замениците на Прекршочната комисија, во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 38/14).

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/15)**

**Член 2**

Централниот регистар е должен во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, електронски да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија" бр.153/15)**

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија" бр.27/16)**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија" бр.83/18)**

**Член 2**

Одредбите од членот 6 став (2) точка 5) од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија" број 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15 и 27/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 6 став (2) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот на Централниот регистар кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот од ставот (1) кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот (1) на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.311/20)**

**Член 5**

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија" број 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18).

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ – Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.235/24)**

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".